TRADE UNIONS' TRANSITION
Enhancing Participation in Time of Crisis (TUTEPToC)

# НАЦИОНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ

на

**Конфедерација на слободни синдикати на Македонија**

***Тема***

## Trade Unions' Transition- Enhancing Participation in Time of Crisis (TUTEPToC)

With support from the European Union

Скопје, јуни 2021

**ВОВЕД**

Таинствениот непријател на здравјето и животот на луѓето - корона вирусот (КОВИД-19) изврши огромно влијание во целиот свет, а луѓето постојано се обидуваа и уште се обидуваат целосно да ја разберат болеста за да може да се даде ефективен одговор на состојбата. Република Северна Македонија, исто така е вклучена во тие напори и Владата работи напорно за да одговори на последиците од КОВИД-19 врз граѓаните во земјава. Пандемијата предизвикана од корона вирусот КОВИД-19 доведе до општа светска криза во здравствената, економската и социјалната област.

Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија (понатаму КСС) во рамките на проектот „Trade union' Transition-Enhancing Participation in Time of Crisis " спроведе истражување за општата состојба во Македонија која се појави како резултат на влијание на пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19, која немаше преседан со оглед на последиците за економијата, трудовиот пазар и општеството. Целта на овој проект е да се претстави влијанието на пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19 врз авионскиот сектор и јавниот сектор, влијание на ефектите од пандемијата врз учество на вработените, вклучувајќи го нивното право за консултирање во рамките на авионскиот сектор и другите оддели на јавниот сектор, како и насоки за подобрување на учеството на работниците во донесувањето одлуки за време на пандемиската криза.

Извештајот е претставен низ четири области во кои се опфатени прашањата поврзани со општата економска ситуација во Македонија, а со посебно нагласување на авионскиот и јавниот сектор, социјалните промени и здравствената кондиција во општетството, ситуацијата на трудовиот пазар, дејствија од државата во врска со спречување на негативните последици од Ковид-19, ефикасноста од интервенција од страна на државата,

улогата на претставниците на работниците и нивното учество во дејствијата на работодавачот поврзани со Ковид-19, применување на право за информации и консултации во претпријатијата и предлози за зголемување на учеството на работниците во донесување на одлуки во прашања кои се однесуваат на претпријатието како последица на Ковид-19, како и добри пракси и примери на колективни спогодби во време на Ковид-19, а со посебен акцент на авионскиот и јавниот сектор.

## I ОБЛАСТ

### 1.1 ОПШТАТА ЕКОНОМСКА СИТУАЦИЈА ВО ЗЕМЈАТА СО ПОСЕБНО НАГЛАСУВАЊЕ НА АВИОНСКИОТ ТРАНСПОРТ И ЈАВНИОТ СЕКТОР

Состојбата во која се наоѓа македонската економија, во дадениот момент, е навистина тешка, што укажува на фактот дека економската криза нема да заврши во истиот момент кога ќе заврши и здравствената криза, туку ќе има извесен период на економско заздравување. Административните забрани кои беа воведени од моментот на појава на корона вирусот уште во март 2020 година, а чија цел беше да се преземат мерките за заштита од ширење на КОВИД-19, како би се ставило здравјето на луѓето на прво место, делуваа на намалување на економската активност. Затоа е важно мерките на државата да не бидат краткорочно насочени исклучиво кон преживување на кризата, туку треба да содржат и елементи на произведување подолгорочни ефекти за одржување на економската активност. Почнувајќи од 20 март, односно од моментот на воведување на здравствените мерки кои беа преземни за спречување на ширење на корона вирусот, се забележува остар пад на даночните приходи од околу 25% на дневно ниво. Оваа доведе до пад на вкупни даночни приходи за 11% во однос на претходната година (2019) и пад на вкупни приходи за 5,3%. Како што изминуваа месеците, мерките влијаеа се’ повеќе на економијата, а со тоа и реализацијата на буџетот, особено во делот на приходната страна.

Во април наплатата на приходите беше помала за 20% споредено со април минатата година, со пад на даночните приходи од 31%, додека во мај за 24% пониска наплата на приходи во однос на 2019 година, со пад на даночните приходи од 28%.

Во однос на економската ситуација во авионскиот сектор може да се каже дека не само во нашата земја туку и во светот, авиоиндустријата е еден од економските сектори кој најмногу е погоден од Ковид-19 кризата. Во нашата држава постојат два аеродроми за меѓународен воздушен сообраќај, и тоа: Аеродромот „Меѓународен аеродром Скопје" (претходно познат како аеродром „Александар Велики"-Скопје) и аеродромот „Св.Апостол Павле"-Охрид. Негативните економски текови сè уште силно се чувствуваат во овој сектор, а последиците ќе бидат присутни и во следниот период. На скопскиот и на охридскиот аеродром, исто како и на останатите аеродроми во светот, ќе им бидат потребни неколку години за да се вратат на нивото на резултати од пред почетокот на пандемијата. Негативното влијание врз авиоиндустријата се одразува преку пад на приходите и намалување на патничкиот сообраќај за повеќе од 60-70% поради различните забрани и ограничувања што ги воведуваат земјите од целиот свет. Падот на патничкиот авиосообраќај и на приходите негативно влијае и врз сите други индустрии кои се тесно поврзани со авиосообраќајот.

## 1.2 СОЦИЈАЛНИТЕ ПРОМЕНИ, ВО ТОА ЗДРАВСТВЕНА КОНДИЦИЈА НА ОПШТЕСТВОТО

Пандемијата предизвикана од глобалното ширење на корона вирусот Ковид-19 и наштети на социјалната, едукативната и здравствената благосостојба како на возрасните така и на децата, при што најранливите се најтешко погодени. Децата се директно погодени, преку затворање на училиштата, затворање на воннаставните активности и установи за згрижување на деца, социјалното дистацирање и изолирање, што носи товар врз нивниот едукативен, когнитивен и емотивен развој, со ризик да ги зголемат нивоата на вознемиреност и стрес. Преку овие здравствени мерки за заштита од корона вирусот се погодени и возрасните. Голем број на луѓе ги изгубија нивните работни места и останаа без приход кој што им е неопходен за опстанок во општеството. Преку ова исто така индиректно се погодени и децата, преку намалувањето на приходите во домаќинството, со што се намалува нивната материјална и социјална благосостојба, го нарушува пристапот до

социјална и здравствена заштита, додека за најтешко погодените тука е и ризикот од потхранетост. Клучно е да се разбере дека негативното влијание од кризата „Ковид-19" беше силно и за некои групи деца, вклучително и за оние кои живеат во сиромаштија, деца со посебни потреби, деца лишени од родителска грижа, деца во притвор и така натаму. Понатаму, се зголеми и семејното насилство, при што децата претставуваат скоро 10% од жртвите. Како резултат на рестрикциите и ограничувањето во движењето, зголемена е и повредата на правото на видување на деца со родителот со кој не живеат. Социјални промени можат да се видат и во делот на ограничување на слободното движење, па така првично слободното движење беше определено согласно категории граѓани, со што кај сите граѓани забраната за слободно движење беше определена од 21:00 часот до 05:00 часот, кај младите лица до 18 години забраната за слободно движење беше определена од 21:00 часот до 12:00 часот наредниот ден, додека кај возрасните лица над 67 години забраната беше од 11:00 часот до 05:00 часот

Во однос на здравствената кондиција, во почетокот на појавата на корона вирусот здравствениот систем беше во добра кондиција и беше спремен до одреден временски период да ги превземе предизвиците при раст на бројот на случаите, меѓутоа како изминуваше периодот и како се повеќе се зголемуваше бројот на заразени лица од корона вирусот така се повеќе здравствениот систем се соочуваше со поголеми предизвици, од кои: преполн број на лица на инфективни одделенија, мобилизиција на целокупниот персонал, преадаптација на болничките оделенија и сл. Нашата држава, како и многу други држави не беше баш подготвена за ненајавената пандемија Ковид 19.

## 1.3 СИТУЦИЈАТА НА ТРУДОВИОТ ПАЗАР. ГОЛЕМИНА НА НЕВРАБОТЕНОСТ ВО ГОДИНИ 2020-2021

Пандемијата предизвикана од корона вирусот Ковид-19 имаше големо влијание и на пазарот на трудот. Од моментот на појава на вирусот во Македонија, па до сега, а во споредба со период пред појава на вирусот може да се забележи значителна

зголеменостна невработеноста. Главен извор од кој беа собрани податоците за пазарот на трудот пред и за време на КОВИД-19 е Агенцијата за вработување и тоа за период месец март 2020 година до месец мај 2021 година, во споредба со месец јануари 2019 година-декември 2019 година.




**Графикон 1.** Број на невработени за период 03/2020 – 04/2021




**Графикон 2.** Број на невработени за период 01/2019 – 12/2019

• Во четвртиот квартал од 2019 година нивото на невработеност изнесува 101.740 лица, додека во четвртиот квартал од 2020 година изнесува 156.432 лица, односно нивото на невработеност се зголемило за 54.692 лица.

• Вработеноста во Република Северна Македонија се намалила за 17.810 работни места, односно 17.810 работници кои претходно биле формално вработени како последица од КОВИД-19 пандемијата биле приморани да ги напуштат своите работни места.

• Дел од работниците во неформалната економија кои како последица од КОВИД-19 пандемијата почуствувале намалување на нивниот животен стандард и благосостојба, преку различни канали што им стоеле на располагање се обиделе да бидат корисници на некоја од мерките во пакетите на мерки донесени од Владата (на пр. да се регистрираат како официјално невработени и да ги користат дел од мерките).

• Доколку се направи едноставна пресметка на бројот на загубени работни места во КОВИД-19 периодот (17.810 работници) со бројот на зголемување на невработеноста

54.692 лица, може да се констатира дека станува збор за околу 36.882 лица кои во изминатиот период воопшто не биле регистрирани како невработени, а сега се пријавиле во евиденцијата на невработени.

• Во однос на возраста младите работници на возраст од 15 до 24 години, во четвртиот квартал од 2020 година, во однос на истиот период 2019 година се соочиле со пад на вработеноста од 13,5%, односно во апсолутен износ 7.072 работници ги загубиле своите работни места.

• КОВИД-19 пандемијата остава поголеми последици врз жените на пазарот на труд. Имено, споредено со 2019 година, на крајот од 2020 година, околу 10.250 работнички ги загубиле своите работни места, што во однос на мажите (7.557 работници) претставува разлика од околу 26%.

• Најголем удар од пандемијата на Ковид-19 и од преземените рестриктивни мерки се забележува кај работниците ангажирани во рамки на неформалната економија и според податоците со кои располагаме како синдикат, покажуваат дека над 100.000 работници ги имаат изгубено работните места од почетокот на пандемијата, бидејќи само во угостителство беа погодени над 35 000 лица кои работеле во рамки на неформалната економија.

## II ОБЛАСТ

### 2.1 ДЕЈСТВИЈА ОД СТРАНА НА ДРЖАВАТА ВО ВРСКА СО СПРЕЧУВАЊЕТО НА НЕГАТИВНИ ПОСЛЕДИЦИ НА КОВИД-19

Во однос на спречувањето на негативните последици на Ковид-19, нашата држава презема одредени дејствија, а како како една од првите мерки што ги презема беше воведување на вонредна состојба која траеше од 18-ти март 2020 до 22.06.2020 година, а Во тој период Владата донесуваше уредби со законска сила. Беа донесени вкупно 250 уредби со законска сила. Исто така, Владата утврди и повеќе препораки кои се однесуваа на заштитата на здравјето на работниците кои беа изложени на највисок ризик од коронавирусот, опфаќајќи ги следниве сектори: работници кои работат во производствените капацитети, превозници кои патуваат во средно и високо ризични земји за време на нивното патување,

како и при враќањето во државата, производители на храна; земјоделци. Препораките кои ги утврди Владата најчесто се сведуваа на организирањето на работниот процес, како и на правилата за одржување на личната хигиена и намалувањето на личните контакти со други лица.

На 12-ти Мај 2020 година Владата усвои План за намалување на рестриктивните мерки кој се реализираше во три фази:

- Првата фаза се однесуваше на постепеното намалување на забраната за движење.
- Втората фаза се однесуваше на воспоставување на работните активности со почитување на препорачаните мерки и стриктни протоколи за работа во услови на превенција и спречување на појава и ширење на COVID-19.
- Третата фаза предвидуваше потполно враќање на редовниот работен процес со почитување на превентивните мерки за одржување на лична хигиена и физичко дистанцирање.

Освен препораките и протоколите Владата усвои посебни мерки за хронично болните и бремените жени, за работниците и работничките кои се на породилно отсуство и за родителите кои имаат деца до 10 години. Мерките што се однесуваа на хронично болните и бремените жени значеа ослободување од работа, додека посебните мерки за работниците и работничките кои се на породилно отсуство значеа практично продолжување на платеното отсуство од работа. Мерките кои се однесуваа за родителите со деца до 10 години се однесуваа само за вработените од јавниот сектор, а Владата даде само препорака оваа мерка да се применува и во приватниот сектор. Кога станува збор за работодавачите, посебните мерки се однесуваа на организирањето на работниот процес каде што Владата им препорача на сите работодавачи, односно на секое раководно лице во компанијата да ја преорганизира работата и начинот на вработените лица преку работа од дома.

Меѓутоа и покрај Уредбите кои беа донесени од страна на државата, сепак може да се забележи голем број на прекршувања на истите, односно голем дел од нив не се почитуваа.

WITH SUPPORT FROM THE EUROPEAN UNION

## 2.2 ЕФИКАСНОСТА НА ИНТЕРВЕНЦИЈА НА ДРЖАВАТА. СКАЛА И ВИДОВИ НА ПОМОШТА

Во однос на интервенција во справување со Ковид-19, а со цел да се намалат негативните ефекти врз стопанството, како би се спречил натамошен пораст на невработеноста и сиромаштијата, Владата усвои 5 пакети мерки:

- Парична поддршка за граѓаните;
- Директна поддршка за македонското стопанство – за иновативност и развој, за зачувување на постојните и за нови работни места;
- Поддршка за земјоделците;
- Директна помош за лицата без работа – за спортистите, за уметниците и туристичките водичи; и
- Даночни олеснувања и одложувања на долгови.

Овие мерки кои ги донесе државата не беа доволни и беа премногу селективни. Пандемијата негативно ќе влијае на економските аспекти на државата во подолг рок. Ефектите ќе бидат долготрајни и далекусежни, ќе направат големи големи структурни промени. Некои од последиците можеби се уште не се видливи, но може да се претпостават, како што се немањето на желба за луѓето да се вратат на своите работни места поради нечовечкиот однос од нивните газди кои што го доживееа ва времето на пандемијата, зголеменото напуштање на граѓаните од државата со самото завршување на пандемијата кое што и пред пандемијата имаше свој замав и слично.

Во однос на вакцинацијата  на граѓаните против КОВИД-19 според официјалните податоци од Министерството за здравство на Република Македонија до 01.06.2021 година вакцинирани се 433.787 граѓани. Ковид вакцината е бесплатна за сите граѓани и не е задолжителна. На почетокот од вакцинирањето на приоритетна листа беа ставени здравствените работници кои работат со Ковид, како и ризичните групи граѓани со зголемен ризик за Ковид-19.

WITH SUPPORT FROM THE EUROPEAN UNION

## III ОБЛАСТ

### 3.1 УЛОГА НА ПРЕТСТАВНИЦИ НА РАБОТНИЦИТЕ И НИВНОТО УЧЕСТВО ВО ДЕЈСТВИЈА НА РАБОТОДАВАЧОТ ПОВРЗАНИ СО КОВИД-19

Во однос на вкученоста на работниците во процесот на донесување одлуки, работниците преку претставниците на работниците односно синдикатите не се вклучени или пак се вклучени во мал степен во донесувањето на одлуки кои што се од значење за институцијата или компанијата во која што работат. Вработените ниту директно, ниту идиректно преку своите претставници учествуваат во управувањето на компанијата или институцијата. Во институциите односно компаниите каде што имаат синдикат, работниците се вклучени преку некоја форма на консултации или мислења кои се однесуваат за прашања кои се поврзани со вработувањето на работниците и слично, а притоа тоа е регулирано или со колективен договор на ниво на компанија или пак колективен договор на ниво на сектор. Ваквото неучество на претставниците на работниците во дејствијата на работодавачот се однесува и за време на периодот со Ковид-19.

Трипартитниот социјален дијалог од почетокот  на пандемијата не функционираше, односно се одвиваше само формално, а првите пакет мерки беа донесени непосредно по одржувањето на Економско –социјалниот совет без никакви консултации илу учество. Што се однесува до КСС, како национален синдикат, самостојно, но и заеднички со останатите организации на работодавачи, стручни лица за безбедност и здравје при работа од Македонското здружение за заштита при работа, лекари по трудова медицина, професори по трудово право ги понудивме своите скромни капацитети за справување со пандемијата со Ковид -19, поднесувавме низа предлози и решенија за полесно справување со пандемијата, но во ниту еден момент не бевме контактирани, ниту вклучени во процесот на донесување одлуки и уредби, а кои се однесуваа на работниците.

### 3.2 ПРИМЕНУВАЊЕ НА ПРАВО ЗА ИНФОРМАЦИИ И КОНСУЛТАЦИИ ВО ПРЕТПРИЈАТИЈА

Како синдикат сметаме дека доколку работниците учествуваат во донесување на одлуките на нивните работни места, и самата компанија односно институција би имала поголем бенефит, како што е

- Продуктивноста
- Тимската работа
- Економскиот аспект

Со тоа што тие би учествувале во донесувањето на одлуки, институцијата односно компанијата покажува дека таа има доверба во нив во нив.

За време на пандемијата се покажа дека при и законското право за консултирање и информирање со синдикатот со цел постигнување на договор и изнаоѓање решение при колективно отпуштање од деловни причини не се почитуваше секаде, а при тоа и синдикални претставници добиваа откази спротивно на Законот за работни односи.

## IV ПРЕПОРАКИ

4.1 ПРЕДЛОЗИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА УЧЕСТВОТО НА РАБОТНИЦИТЕ ВО ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ ОД СТРАНА НА РАБОТОДАВАЧОТ ВО ПРАШАЊА КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПРЕТПРИЈАТИЈЕТО КАКО ПОСЛЕДИЦИ НА КОВИД -19

- **Формирање на тело** кое би се состоело од повеќе синдикални претставници од различни департмани и во тоа тело да се разменуваат ставови, мислења, идеи и предлози за прашања и каде што би се одлучувало за прашањата што ги засега нив, и сите тие информации би стигнувале до претставниците на вработените во органите за управување и назад.

- **Напори од страна на синдикатите** за законски измени во делот на зголемување на обврските за информирање и консултирање на работниците, како и зголемување на

учеството на работниците во донесувањето на одлуки, а особено за прашања кои се однесуваат на економско-социјалната положба на работниците.

- **Suggestion Box.** Овој предлог може да се реализира и во дигитален формат, со тоа што синдикалниот претставник или претпоставените по електронски пат би комуницирале со вработените за потребните прашања па врз основа на тоа и вработените би одлучувале по електронски пат, што во дигитално време на живеење, ова би било и наједноставниот и најефикасниот начин каде што има услови за примена.

## 4.2 ДОБРИ ПРАКСИ. ПРИМЕРИ НА КОЛЕКТИВНИ СПОГОДБИ СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ НА АВИОНСКИОТ ТРАНСПОРТ И ЈАВЕН СЕКТОР ВО ВРЕМЕ НА КОВИД -19

Во однос на колективните спогодби во време на КОВИД-19 може да се каже дека не се склучени никакви спогодби во авионскиот и јавниот сектор, односно не постојат официјлани податоци кои што би можеле да ги прозинесеме.

Од појавувањето на корона вирусот, ние како национален синдикат заедно со стручните лица за заштита при работа од Македонското здружение за заштита при работа постојано имавме барања за признавање на САРС-КоВ-2 како професионално заболување за сите работници, а не само за здравствените работници, односно баравме во целост да ги спроведат законите и на сите работници кои што заболеле на работното место или се во самоизолација да им се исплаќа 100% плата, затоа што согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување таквото заболување работникот го добил за време на вршење на работата или во врска со неа па согласно на тоа за истото треба да се исплаќа 100% плата.

Исто така побаравме согласно Законот за безбедност и здравје при работа да се направат дополнителни проценки на ризик на работните места со Изјава за безбедност со која би се утврдиле сите можни штетности и опасности на секое работно место, со што би се заштитило здравјето на работниците.

Без разлика на нашите залагања и барања во однос на признавање на САРС-КоВ-2 како професионално заболување и изготвување на дополнителни проценки на ризик, надлежните институции не ги земаа во предвид овие наши барања.

TRADE UNIONS' TRANSITION

Enhancing Participation in Time of Crisis (TUTEPToC)

KCC

WITH SUPPORT FROM THE EUROPEAN UNION